Одговор на поднесени коментари од објавената јавна расправа за оцена на постоење на услови за обнова на одобренија за користење на радиофреквенции и резултат од јавната расправа

Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) врз основа на поднесено барање УП1-бр.0804-432 од 21.08.2026 година за обновување на одобренија за користење на радиофреквенции од страна на Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ АД увоз-извоз Скопје, согласно член 167 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на РСМ“ бр.135/2025, 269/2025 и 132/26), на 22.09.2026 година на својата веб страна објави јавна расправа за оцена на постоење на услови за обнова на одобренија за користење на радиофреквенции. Времетраењето на јавната расправа беше заклучно со 23.10.2026 година. Во рамките на јавната расправа до АЕК пристигнаа забелешки, мислења и предлози единствено од Македонски телеком АД Скопје (МКТ).

Во продолжение се коментарите на МКТ и одговор на АЕК по истите.

МКТ:

1.Потребна е подетална оценка на ефикасната искористеност на радиофреквенциите

Во документот се наведува дека предметниот спектар се користи ефикасно и рационално. МКТ смета дека оваа оцена треба да биде поткрепена со конкретни падатоци за фактичкото користење, вклучително и применетата технологија, ширината на каналите, опфатот и капацитетот на мрежата, бројот и видот на услугите што се обезбедуваат и степенот на искористеност на доделениот спектар.

Според информациите со кои располага МКТ, НЕОТЕЛ користи само 40 MHz и истите се користат во LTE режим. МКТ предлага АЕК да ја провери актуелната ефикасна искористеност на спектарот и, врз основа на проверени податоци, да образложи како е утврдено дека целиот опсег што е предмет на обновување се користи ефикасно.

АЕК: Согласно ЗЕК, АЕК има обврска да врши континуирана контрола и мониторинг на радиофреквенциискиот спектар. Во периодот од 27.10.2026 до 04.11.2026 година АЕК спроведе вонредни мерења за проверка на користењето на радиофреквенциите од страна на НЕОТЕЛ за кои што поседува соодветни одобренија. Од спроведените мерења е констатирано дека во сите региони НЕОТЕЛ ги користи доделените радиофреквенциски опсези во согласност со доделените одобренија. Како што е наведено во коментарот на МКТ, од мерењата е потврдено дека НЕОТЕЛ користи LTE технологија којашто обезбедува голема спектрална ефикасност. Продолжувањето на користењето овозможува понатамошна употреба на веќе воспоставената инфраструктура и избегнување на непотребни технички и економски трошоци поврзани со замена или миграција кон други фреквенциски ресурси.

МКТ:

2.Оцената на конкуренцијата треба да ги земе предвид заинтересираните оператори

Во документот се заклучува дека обновувањето нема да ја наруши ефективната конкуренција и дека не постои изразена побарувачка од други заинтересирани субјекти. МКТ има интерес за користење на овој дел од радиофреквентниот спектар за развој на фиксни услуги, особено FWA, и смета дека овој интерес треба да биде земен предвид при оценатa на побарувачката и конкурентските ефекти. Овој интерес произлегува од развојот на фиксните услуги и не зависи од спектарот што МКТ го поседува за мобилни услуги.

АЕК: МКТ во својата понуда веќе ја има FWA (Fixed Wireless Access) технологијата којашто ја нуди на корисниците преку услугата Internet Flexi (Plug & Play интернет). Сето ова МКТ го има објавено на неговата веб страна: https://www.telekom.mk/internet-flexi. Дополнително, МКТ е официјално определен како оператор со значителна пазарна моќ (ЗПМ) од страна на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на повеќе релевантни пазари во земјата. Доколку не се изврши обновување на одобренијата, операторот НЕОТЕЛ нема да има можност да ја нуди услугата, што ќе доведе до намалување на конкуренцијата во делот на FWA, коешто е спротивно на целта на АЕК предвидена во ЗЕК, за обезбедување на ефикасна и одржлива конкуренција на пазарот за електронски комуникации. Доколку МКТ има интерес за користење на овој дел од радиофреквенциискиот спектар за развој на фиксни услуги, АЕК предлага МКТ да пројави интерес за опсегот 3460 - 3500 MHz кој што сеуште не е доделен.

МКТ:

3.Условите за обновување треба да овозможат конкуренција за делови од спектарот и региони

Од документот се гледа дека одобренијата се поделени по региони и дека опсегот 3400 - 3460 MHz не е доделен во еднаква ширина во сите региони. МКТ смета дека АЕК треба да ја разгледа можноста заинтересираните субјекти да аплицираат за еден или повеќе региони, како и да оцени дали дел од радиофреквенциите може да бидат достапни за други оператори без да се загрози континуитетот на постојните услуги.

МКТ има интерес и потреба да користи на радиофреквенции во сите региони, но и во поединечни региони, зависно од конечните услови и деловната оправданост. Регионалниот пристап може да овозможи поголема флексибилност во доделувањето и да отвори простор за конкуренција меѓу заинтересираните страни.

АЕК: Во однос на интересот на МКТ за радиофреквенции во овој опсег, ве информираме дека слично на одговорот на претходниот коментар опсегот 3460 - 3500 MHz е недоделен на целата територија на Македонија и МКТ може да поднесе писмо за интерес согласно ЗЕК. Дополнително, за регионите 2 и 3 недоделен е радиофреквенциискиот опсег 3431.5 - 3460 MHz, за кој исто така може да се достави писмо за заинтересираност согласно ЗЕК.

Резултат од јавната расправа:

Бидејќи за времетраење на јавната расправа е утврдено дека не постои побарувачка за радиофреквенциите особено од страна на правни или физички лица што не се имателиа на одобрение за користење на радиофреквенции, односно искажан е интерес за користење на радиофреквенциите што се предмет на јавна расправа само од страна на МКТ, АЕК ќе донесе одлука за обнова на одобренијата за користење на радиофреквенции издадени на НЕОТЕЛ.